# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТНИ АКТИВНОСТИ НА СОЈУЗ НА СПЕЦИЈАЛНИ ЕДУКАТОРИ И РЕХАБИЛИТАТОРИ НА Р.СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО 2020 ГОДИНА

ССЕР СОЈУЗ НА СПЕЦИЈАЛНИ ЕДУКАТОРИ И РЕХАБИЛИТАТОРИ на Република Северна Македонија

Во текот на 2020 година, работните активности на ССЕР на РСМ се движеа во насока на остварување на општите цели на Сојузот кои се насочени кон развој и унапредување на теоријата и праксата на специјалната едукација и рехабилитација, унапредување на статусот и квалитетот на работата на специјалните едукатори и рехабилитатори, промовирање и заштита на интересите на струката и унапредување заштита, едукација и рехабилитација на лицата со попреченост.

## РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ ВО 2020 ГОДИНА

**Во овој период активностите на ССЕР на РСМ беа програмирани и реализирани во четири подрачја на делување:**

1. Организација на обуки и стручни манифестации
2. Проектни активности
3. Издавачка дејност
4. Работи од организационен карактер

Во понатамошниот текст, реализираните активности ќе бидат опишани хронолошки по поглавјата на делување со дополнување од финансиски извештај (точка 5) и заклучоци и препораки (точка 6).

### 1. Организација на обуки и стручни манифестации

#### 1.1.Организација на обука за функционална проценка на попреченоста кај деца, втемелена на Меѓународната класификација за функционирање, попреченост и здравје (МКФ)

Обуката се состоеше од теоретски и практичен дел, со вкупно времетраење од 40 часа.
Обуката беше извршена од сертифицирани обучувачи за МКФ во состав: Горан Петрушев-специјален едукатор и рехабилитатор, Мери Бошкова-лекар-специјалист по психијатрија и Евдокија Ангелова-социјален работник.. На обуката учествуваа 16 стручни лица и истата се спроведе во соработка со Канцеларијата на Уницеф-Скопје.

**1.2.Планираната лиценцирана обука за Сензорна интеграција беше одложена од страна на предавачот кој е од Република Босна и Херцеговина, поради состојбата со пандемијата предизвикана од корона вирусот.**

### <u>2. Проектни активности</u>

**2.1.Во текот на 2020 година Сојузот продолжи со спроведување на проектот „ Пилотирање**

**на новиот модел на проценка за дополнителна образовна, здравствена и социјална подршка на дете или младинец, базиран на меѓународната класификација на функционирањето- МКФ " со финансиска поддршка од страна на канцеларијата на УНИЦЕФ-Скопје, под координацција на Националното координативно тело за имплементација на конвенцијата за лицата со попреченост при Владата на Р.Северна Македонија. Проектот започна да се спроведува на 01.04.2019 година и истиот траеше до 31.07.2020 година.**

**Главната цел на пилотирањето бешее** да се направи подготовка за имплементација на новиот модел на проценка за дополнителна образовна, здравствена и социјална подршка на дете или младинец, базиран на меѓународната класификација на функционирањето-МКФ. **Новиот предлог модел е** заснован на Меѓународната класификација на функционирање, попреченост и здравје - МКФ. Со негова примена фокусот се става на она што едно лице може да го достигне доколку се работи на развивање на неговиот/нејзиниот потенцијалот. Развојот на потенцијалот (телесни функции и учество) во комбинација со отстранување на ограничувањата во околината(непристапна средина, предрасуди и негативни ставови) ќе овозможи активно и целосно учеството во општеството.

Во овој период се формирани едно национално и две регионални стручни тела за проценка и опремени се три простории за проценка. Во текот на 2020 година направени се околу 120 функционални проценки на деца и млади.

**2.2 Во текот на цела 2020 година продолжи спроведувањето на проектот „ Грижа во заедницата за деца со пречки во развојот и нивните семејства„. Проектот започна да се спроведува од 01.08.2019 година со финансиска поддршка од канцеларијата на Уницеф-Скопје.**

Главната цел на проектот е обезбедување грижа во заедницата за децата со пречки во развојот и нивните семејства преку воспоставување на нови форми на услуги за рана интервенција за деца со попреченост, услуги за нега на домот на деца со најтешки пречки во развојот и обезбедување на психосоцијална поддршка за нивните родители и старатели.

Во реализација на проектот учествуваат раководител, асистент, консултант и 6 стручни лица од кои: 2 специјални едукатори и рехабилитатори, психолог, логопед, физиотерапевт и негувателка. Во текот на 2020 година со проектот се опфатени околу 50 деца на возраст од 1-6 години и 10 деца со најтешки пречки на возраст до 18 години.Во рамки на проектот е креирана и онлајн платформа www.ranaintervencija.mk за поддршка на семејствата на децата со пречки во развојот од 0-6 години.

**2.3. Проект- Подобрување на социалната заштита на лица со попреченост преку развој на**

**услугите рана интервенција за деца со пречки во развоот и помош инега во домот за лица со тешка и најтешка попреченост на територијата на Град Скопе. Проектот се реализираше во периодот од 15.02.2020 до 15.12.2020 година со финансиска поддршка од Град Скопје.**

Проектот опфаќа опфаќа две компоненти на поддршка. Првата компонента е делумна поддршка на Центарот за ранаи нтервенциа и истата се одвива во два дела, едниот за деца од 0-3 години, а другиот дел за деца од 3-6 години и истата им пружа помош на деца со доцнења во развоот и/или попречености од страна на тим од повеќе стручни лица.
Во ранки на оваа компонента на 6 март 2020 година е отворен Центар за рана интервенција и поддршка на семејствата, кој се наоѓа во центарот на Скопје. Центарот е опремен со соодветни материјали неопходни за поддршка и унапредување на раниот детски развој. Во Центарот работат лица обучени да обезбедат специјализирани интервенции на дневна основа.

Втората компонента на проектот е продолжување на услугата помош и нега во домот за лица со тежок и најтежок облик на попреченост и комбинирани пречки кои се жители на градот Скопе, со цел поддршка и помош на семестватакои се грижат за овие лица со што би се превенирала институционализацијата и би се подобрил квалитетот наживеење на овие лица во нивните домови .Во рамки на оваа компонента од страна на тим составен од лекар, медицинска сестра, социјален работник, физиотерапевт и неговател беа посетени 40 лица и им беше дадена соодветна услуга.

**2.4. Проект- „Е-платформа за далечинска поддршка на деца со попреченост и нивните семејства за време на пандемиа од Ковид-19"- овој проект го реализиравме во партнерство со Македонското Монтесори Здружение а со финансиска поддршка од ОБСЕ Мисијата во Скопје, во период од 05.08.2020 до 05.11.2020 година**

Главен продукт на овој проект е изработена платформа www.eduink.mk за поддршка на учениците со попреченост кои своето образование го стекнуваат по индивудуален образовен план (ИОП).Целта на проектот е надградување на капацитетите на организациите кои се партнери во имплементација на проектот преку развој на Е-платформа која ќе овозможи континуирана поддршка на децата со попреченост и нивните семејства.

Содржините на Е-платформата се креирани од страна на стручни лица, искусни професионалци во областите во кои се обезбедува далечинска поддршка:
- едукативна поддршка на ученици со попреченост од 6-12години (одделенска настава) кои се инклузирани во редовните училишта и следат настава според ИОП;
-психо-социјална и советодавна поддршка на семејства на децата со попреченост;
- ресурси за воспитувачите од градинките и одделенските наставници од редовните училишта.

На платформата се поставени разни содржини (текстови,фотографии, презентации, видеа) преку кои се поттикнува развојот на различни области ка децата согласно нивната возраст. Платформата нуди можност за поставување напрашања од страна на родителите/воспитувачите/наставниците и нуди соодветни стручни одговори, размена на

мислења, дискусија, онлајн средби, работилници на теми од интерес на корисниците.

Платформата е презентирана пред претставници на Министерството за образование и наука и пред стручни лица од Бирото за развој на образованието и истата се предлага да стане дел од националната платформа за образование на сите ученици.

**2.5. Проект-"Заедно за повеќе можности и поддршка- TIMOR"- Проектот се спроведува со финансиска поддршка од делегацијата на Европската Унија под раководство на здружението Центар за промоција на земјоделски практики и рурален развој - ЦеПроСАРД. Партнери во проектот се: Сојуз на специјални едукатори и рехабилитатори на Република Северна Македонија; ЈУ Специјален Завод Демир Капија; Општина Демир Капија и ФондацијаЛоза од Шведска**
**Период на имплементација на проектот: 02.01.2020 –01.01.2023 година**

Главната цел на проектот е да го овозможи спроведувањето на процесот на деинституционализација на лицата со попреченост од резиденцијални институции во единици за живеење(домување) со поддршка во заедницата, преку обезбедување на иновативни социајлни услуги. Проектот ќе придонесе кон подобрување на условите на живеење на лицата со попреченост кои живеат во резиденциајлни институции,преку нивно раселување во единици за живеење  со поддршка во заедницата; ќе ги зајакне капацитетите на стручните лица кои нудат социјална грижа и нега, како што се асистенти за поддржано живеење, ќе воведе иновативни социјални услуги во заедницата за активна инклузија на лицата со попреченост во општеството и ќе ја зголеми јавната свест за прифаќање и активно вклучување на лицата со попреченост во општествениот живот.

Имплементирани активности: ангажираните експерти од страна на проектот ТИМОР подготвија Програма за едукација на асистенти за поддржано живеење во согласност со критериумите на Центарот за образование на возрасни. Исто така започнат е процесот за верификација на Програмата за едукација на асистенти за поддржано живеење во Центарот за образование на возрасни и регистрирање на поддружница на Сојузот како Центар за едукација.
Во изминатата 2020 година проектниот тим на проектот ТИМОР работеше во насока на успешна имплементација на поставените проектни активности, Покрај предизвиците настанати од пандемијата со вирусот КОВИД-19 ,се применија иновативни начини за приспособоување во насока на имплементација на поставените цели.  Во месец ѕептември проектот ТИМОР започна со имплементација на обуките за градење на капацитети за имплементација на услугите за поддржано живеење. Обуките беа спроведени во 4 тренинг сесии со физичко присуство и една онлајн тренинг сесија. На обуките присуствуваа лица од различни профили, асистенти за поддржано живеење, стручни лица, професори од средни стручни училишта и ученици од медицинските смерови.Во рамките на проектот е подготвена и детална анализа на моментална состоба во ЈУ СЗ Демир Капија.

## 3. Издавачка дејност

Сојузот во текот на 2020 година нема издадено книги и брошури

## 4.Работи од организационен карактер

Во текот на 2020 година беа одржани 3 (три) состаноци на Претседателството и редовно Собрание на Сојузот. Беа донесени повеќе одлуки, правилници, процедури за работење итн.

### 4.1-Соработка со домашни и странски организации

- Потпишан е Меморандум за соработка со Македонското Монтесори Здружение, од Скопје.
-Претседателот на Сојузот учествуваше намеѓународна конференцијата „Денови на дефектолози" во организација на Друштвото на дефектолози на Србија. На оваа конференција е проширена мрешата на струкови здруженија на специјални едукатори и рехабилитатори со прием на Здружението на дефектолози од Црна Гора.

### 4.2 Награди и признанија

Во горенаведениот период од страна Сојузот по распишан Конкурс беа доделени наградите за 2019 година од фондацијата „Проф. д-р Љупчо Ајдински". Награда за најдобра установа од областа на заштитата, образованието и рехабилитацијта на лицата со попреченост, ја доби – Посебното основно училиште„маца Овчарова" – Велес. Наградата за најдобар корисник ја доби Антонио Стојчевски ученик во петто одделение во ООУ „Рајко Жинзифов" – општина Кисела Вода, -дете со церебрална парализа, со континуиран одличен успех во сите години и примерно поведение.. Наградата за најдобар практичар и беше доделена на –Василка Галевска Стојчевски, дипл.дефектолог, вработена во ЈЗУ Завод за рехабилитација на слух, говор и глас Скопје, со 15 години работно искуство како дефектолог.

### 4.3 Соработка со медиуми

Во текот на 2020 година Сојузот оствари солидна соработка со медиумите при промоција на настани но и со директно гостување во отворени емисии. Така настанот „Отворање на Центар за рана интервенција" на 06.03.2020 година на кој беше присутен Градоначалникот на Град Скопје и техничката министерка за труд и социјална политика беше пренесуван од поголем број на медиуми а истиот настам беше промовиран и на утринска програма на МТВ1 а во текот на месец мај во Дневникот на МТВ беше емитувана сторија за работењето на центарот.

Во текот на месец октомври Претседателот на Сојузот беше гостин во утринска програма на МТВ на која ја промовираше платформата едуинк.мк а во месец ноември учествуваше во дебатната емисија „И што сега?" на тема инклузивно образование.

Веб страницата на Сојузот www.sojuzser.org е активна и истата е на македонски, англиски и албански јазик, активен е фејсбук профилот и фејсбук страната со што може да се забележи присуство во задоволителен обем на социјалните медиуми.

## 5.Финансиски извештај

Во текот на 2020 година Сојузот реализираше вкупен буџет од 7.219.581,00 денари што е намалување за 11% во споредба со претходната 2019 година.

Билансот на приходи и расходи на Sојузот е прикажан во табелата подолу;

ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА ПЕРИОДОТ 01.01.2020-31.12.2020 ГОДИНА

ПРИХОДИ

| | |
|---|---|
| **1. Пренесено салдо од 2019** | **1,750,929.00** |
| **2. Приходи од членарини и донации** | **519,412.00** |
| Приходи од членарини | 41,315.00 |
| Приходи од донации | 478,097.00 |
| **3.Приходи од камати** | **3,00** |
| **4.Приходи од проектни активности** | **4,949,237.00** |
| Уницеф | 2,311,940.00 |
| ОБСЕ Мисија во Скопје | 922.275,00 |
| Делегација на Европска Унија (преку здружение ЦеПроСард) | 415.022,00 |
| Град Скопје | 1.300.000,00 |
| **Вкупно приходи** | **7.219.581,00** |

РАСХОДИ

| | |
|---|---|
| 1.Банкарски провизии | 31,845.00 |
| 2.Сметководствени услуги | 42,000.00 |
| 3.Канцелариски трошоци | 41,000.00 |
| 4.Проектни активности | 5,976,080.00 |
| 5.Трошоци за бруто плати | 443,832.00 |

| | |
|---|---:|
| 6.Трошоци за одржување на веб страна | 36,000.00 |
| 7. Донација за Ј.У. Специјален завод Демир Капија | 60,693.00 |
| 8.Патни трошоци | 27,164.00 |
| **Вкупно расходи** | **6,658,614.00** |

**Состојба на 31.12.2020година 560.967.00**

## 6. Заклучоци и препораки

6.1. Сојузот во 2020 година го намали обемот на работа предвиден со Годишниот план, но со успех ги заврши проектните активности. Здружението го задржа континуитетот и квалитетот на спроведените активности и услуги и во услови на пандемија.
6.2. Сојузот на специјални едукатори и рехабилитатори останува организација со висока зависност од грантовска поддршка. Здружението не ја намали зависноста од проектните донатори со што останува во голема мера финансиски зависно од грантова поддршка. Потребно е да се работи на диверзификација на финансирањето.
6,3. Сојузот не успеа да оствари соработката со бизнис секторот
Здружението ја започна годината со план за соработка со бизнис секторот, но пандемијата беше најголемата причина за да не се реализира.
Во иднина, здружението ќе продолжи да ја јакне оваа соработка со цел да овозможи подостапни услуги за корисниците, посебно за тие во социјален ризик.
6,4. Сојузот стекна позитивни искуства преку учество на онлајн обуки.
Преку учество на различни обуки и настани здружението го надгради социјалниот капитал. Треба да се вложат напори овие искуства да се искористат за да се идентификуваат нови партнери за натамошни иницијативи и партнерства со организации од земјата и странство.
6,5. Сојузот треба да го унапредува имиџот на транспарентна и одговорна организација, посветена на промовирање на развојот на инклузивно општество и подобрување на квалитетот кој го добиваат лицата со попреченост.

За таа цел, организацијата треба да продолжи да ги јакне активностите за односи со јавност, вклучувајќи ги социјалните медиуми и соработката со традиционалните медиуми.

24.03.2021 година ПРЕТСЕДАТЕЛ

Скопје Горан Петрушев

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТНИ АКТИВНОСТИ НА СОЈУЗ НА СПЕЦИЈАЛНИ ЕДУКАТОРИ И РЕХАБИЛИТАТОРИ НА Р.СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО 2019 ГОДИНА

Во текот на 2019 година, работните активности на ССЕР на РСМ се движеа во насока на остварување на општите цели на Сојузот кои се насочени кон развој и унапредување на теоријата и праксата на специјалната едукација и рехабилитација, унапредување на статусот и квалитетот на работата на специјалните едукатори и рехабилитатори, промовирање и заштита на интересите на струката и унапредување заштита, едукација и рехабилитација на лицата со попреченост.

## РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ ВО 2019 ГОДИНА

**Во овој период активностите на ССЕР на РСМ беа програмирани и реализирани во четири подрачја на делување:**

1. Организација на обуки и стручни манифестации
2. Проектни активности
3. Издавачка дејност
4. Работи од организационен карактер

Во понатамошниот текст, реализираните активности ќе бидат опишани хронолошки по поглавјата на делување.

### 1.1 Организација на обуки и стручни манифестации

#### 1.1.1 Организација на сертифицирана обука за сензорна интеграција према AYRES педагогија за стручни лица во воспитно образовна и развојна рехабилитација.

Обуката се состои од три последователни моддули од кои првиот се одржа во 2018.година а вториот и третиот моддул во месец март и ноември 2019 година. Вкупно траење на обуката е 120 часа.

Предавач на обуката беше: Ива Папиќ, дипл. Психолог-мастер, специјалист по клиничка психологија, инструктор за сензорно интеграциска педагогија од Бања Лука. На обуката учествуваа 20 стручни лица и истата се спроведе во соработка со Заводот за рехабилитација на слух, говор и глас-Скопје

#### 1.1.2. Организација на меѓународна научно-стручна конференција на тема „70 години-организирана едукација, рехабилитација и вработување на лица со попреченост во Република Северна Македонија“, Битола, *16-18 Мај.2019*

Конференцијата се одржа во Хотел Капри во Битола во организација на Сојузот на специјални едукатори и рехабилитатори на Република Северна Македонија и Заводот за рехабилитација на деца со оштетен слух, говор, глас и други проблеми во развојот "Кочо Рацин" – Битола, а под покровителство на **г-дин Зоран Заев**, Претседател на Влада на Република Северна Македонија.

Конференцијата започна на 16.05.2019 година со свечено отворање на кое присуствуваа околу 250 учесници, стручни лица од земјата и регионот.Во *ревијалниот дел* на конференцијата свое обраќање имаа министрите за здравство, образование и труд исоцијална политика,

претставникот на Канцеларијата на Уницеф во Скопје и претседателот на Друштвото на дефектолози на Република Србија. Конференцијата за отворена ја прогласи покровителот г-дин Зоран Заев- Претседател на Владата на Република Северна Македонија. Во ревијалниот дел доделени се признанија во вид на плакети и благодарници. Признанијата беа доделени во две категории, за посебен придонес во развојот на едукацијата и рехабилитацијата на лицата со попреченост во Република Северна Македонија и за посебен придонес за афирмација на работата на Сојузот на специјални едукатори и рехабилитатори на Република Северна Македонија. Признанијата се доделени согласно **Одлуката** на Собранието по предлог на Претседателството на Сојузот.

Во *стручниот дел* од конференцијата во текот на три работни денови презентирани се вкупно 10 трудови во пленарни излагања, 34 оргинални трудови организирани во 4 сесии , 3 трудови во вид на постер презентации, и две тркалезни маси на зададени теми. Редоследот, времетраењето на излагањата и дискусиите беа во согласност со **Програмата** на конференцијата. Трудовите се отпечатени во **Зборник** на трудови од конференцијата издаден во тираж од 120 примероци.

**2. Проектни активности**

**2.1.Во текот на 2019 година Сојузот продолжи со спроведување на проектот„ Обезбедување специјализирана поддршка за деца со посебни потреби преселени од СЗ Демир Капија во мал групен дом со седиште во заедницата “. Проектот е финансиран од страна на канцеларијата на УНИЦЕФ и Град Скопје.**

Во реализацијата на проектот учествуваше стручен тим кој се состои од еден дефектолог координатор на малите групни домови, еден психолог и 9 негователки. Во 2019 година продолжи поддршката на малиот групен дом во Скопје во кој се сместени 4 деца на возраст до 12 години од СЗ Демир Капија со поддршка од Уницеф, и истата траеше до 31.05.2019 година. Во месец септември со поддршка на град Скопје беше отворен уште еден мал групен дом за младинци од 18-27 години исто во Скопје. Подршката траеше до крај на 2019 година по што малиот групен дом беше превземен од службата на СЗ Демир Капија.

**2.2.Од 01.04.2019 година Сојузот спроведува „ Пилотирање на новиот модел на проценка за дополнителна образовна, здравствена и социјална подршка на дете или младинец, базиран на меѓународната класификација на функционирањето- МКФ “ со финансиска поддршка од страна на канцеларијата на УНИЦЕФ-Скопје, под координацција на Националното координативно тело за имплементација на конвенцијата за лицата со попреченост при Владата на Р.Северна Македонија..**

**Главната цел на пилотирањето е** да се направи подготовка за имплементација на новиот модел на проценка за дополнителна образовна, здравствена и социјална подршка на дете или младинец, базиран на меѓународната класификација на функционирањето-МКФ. **Новиот предлог модел е** заснован на Меѓународната класификација на функционирање, попреченост и здравје - МКФ. Со негова примена фокусот се става на она што едно лице може да го достигне доколку се работи на развивање на неговиот/нејзиниот потенцијалот. Развојот на потенцијалот (телесни функции и учество) во комбинација со отстранување на ограничувањата во

околината(непристапна средина, предрасуди и негативни ставови) ќе овозможи активно и целосно учеството во општеството.

Во овој период се формирани едно национално и две регионални стручни тела за проценка и опремени се простории за проценка. Во текот на 2019 година направени се околу 300 функционални проценки на деца и млади.

**2.3.Од 01.08.2019 година со поддршка од Уницеф се спроведува проектот „ Грижа во заедницата за деца со посебни потреби и нивните семејства„**

Главната цел на проектот е обезбедување грижа во заедницата за децата со пречки во развојот и нивните семејства преку воспоставување на нови форми на услуги за рана интервенција за деца со посебни потреби, услуги за нега на домот на деца со најтешки пречки во развојот и обезбедување на психосоцијална поддршка за нивните родители и старатели.

Во реализација на проектот учествуваат раководител, асистент, консултант и 6 стручни лица од кои: 2 специјални едукатори и рехабилитатори, психолог, логопед, физиотерапевт и негувателка. Во текот на 2019 година со проектот се опфатени околу 25 деца на возраст од 1-6 години и 10 деца со најтешки пречки на возраст до 18 години.

**3. Издавачка дејност**

3.1.Сојузот на дефектолози во текот на 2019 година беше издавач на Зборник на трудови од конференцијата „**70 години- организирана едукација, рехабилитација и враборување на лица со попреченост во Република Северна Македонија** “ Зборникот излезе во тираж од 120 примероци.

**4.Работи од организационен карактер**

Во текот на 2019 година беа одржани 3 (три) состаноци на Претседателството и редовно Собрание на Сојузот.. Беа донесени повеќе одлуки, правилници, итн. Во текот на 2019 година Сојузот го промени своето име од „Сојуз на дефектолози на Република Македонија“ во „Сојуз на специјални едукатори и рехабилитатори на Република Северна Македонија“

**4.1-Соработка со домашни и странски организации**

- Потпишан е Меморандум за соработка со Здружението ЦеПроСард, од Скопје.

- Потпишан е Меморандум за соработка со Центарот за социјални работи на Град Скопје,
-Претседателот на Сојузот учествуваше на конференцијата „Денови на дефектолози“ во организација на Друштвото на дефектолози на Србија на која се потпиша Протокол за соработка со здруженијата на специјални едукатори од Словенија, Хрватска, Србија, Босна и Херцеговина и СевернаМакедонија.

**4.2 Награди и признанија**

Во горенаведениот период од страна СДРМ по распишан Конкурс беа доделени наградите за 2018година од фондацијата „Проф. д-р Љупчо Ајдински“. Награда за најдобра установа од областа на заштитата, образованието и рехабилитацијта на лицата со попреченост, ја доби - **Основно училиште„Димитар Поп Георгиев Беровски“ – Скопје,** како најдобро инклузивно училиште. Наградата за најдобар корисник ја доби **Јована Трајчевска у**ченичка во седмо одделение во ДУРДМОВ „Димитар Влахов“ - Скопје, -дете со пречки во видот, практично слепо лице, амаурозис, со континуиран одличен успех во сите години и примерно поведение.. Наградата за најдобар практичар и беше доделена на –Весна Костиќ Ивановиќ, дипл.дефектолог, вработена ПОУ„ Д-р Златан Сремец“ Скопје, со 19 години работно искуство како наставник-дефектолог.

По повод 70 годишниот јубилеј, доделени се и плакети на заслужни граѓани и членови нна Сојузот.

24.06.2020 ГОДИНА ПРЕТСЕДАТЕЛ

СКОПЈЕ ГОРАН ПЕТРУШЕВ

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТНИ АКТИВНОСТИ НА СОЈУЗ НА ДЕФЕКТОЛОЗИ НА Р.МАКЕДОНИЈА ВО 2018 ГОДИНА

Во текот на 2018 година, работните активности на СДРМ се движеа во насока на остварување на општите цели на Сојузот кои се насочени кон развој и унапредување на дефектолошката теорија и пракса, унапредување на статусот и квалитетот на работата на дефектологот, промовирање и заштита на интересите на струката и унапредување заштита, едукација и рехабилитација на лицата со попреченост.

## РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ ВО 2018 ГОДИНА

**Во овој период активностите на СДРМ беа програмирани и реализирани во четири подрачја на делување:**

1. Организација на обуки и стручни манифестации
2. Проектни активности
3. Издавачка дејност
4. Работи од организационен карактер

Во понатамошниот текст, реализираните активности ќе бидат опишани хронолошки по поглавјата на делување.

### 1.1 Организација на обуки и стручни манифестации

**1.1.1 Организација на стручна обука - „Интеграција на примарни и постурални рефлекси кај лица со попреченост“ (основен курс во траење од 14 часа),** *Скопје, 09-11.11.2018 година*
Обуката се реализираше во соработка со Заводот за рехабилитација на слух, говор и глас-Скопје. Предавач на обуката беше Јасенка Лазиќ ( овластен Blomberg Rhytmic Movement Trener) од Нови Сад, Р.Србија, со дологогодишно работно искуство на рехабилитација и дијагностика кај лица со попреченост. Обуката беше со времетраење од 14 часа теоретска и практична обука и на истата учествуваа 26 дефектолози и логопеди.

**1.1.2 Организација на сертифицирана обука за сензорна интеграција према AYRES педагогија за стручни лица во воспитно образовна и развојна рехабилитација.**
Обуката се состои од три последователни моддули од кои првиот се одржа од 10 до 14.12.2018.година. Вкупно траење на првиот модул на обуката : 40 часа.
Предавач на обуката беше: Ива Папиќ, дипл. Психолог-мастер, специјалист по клиничка психологија, инструктор за сензорно интеграциска педагогија од Бања Лука. Првиот модул има за цел да ги прикаже целите и перспективите на применетата Сензорна интеграција. Овој модул е практично ориентиран, а во исто време базиран на изворни и актуелни истражувања од страна на Ајрес Сензорна интеграција. На обуката учествуваа 20 стручни лица и истата се спроведе во соработка со Заводот за рехабилитација на слух, говор и глас-Скопје

**1.1.3. Организација на конференција по повод 6-ти Март, европскиот ден на логопедите на тема „Алтернативна и Аугментативна комуникација“, Скопје,** *06.03.2018*

Ова беше прва конференција во Р.Македонија која се организираше по повод европскиот ден на логопедите и истата ја организиравме во соработка со Заводите за рехабилитација на слух, говор и глас од Скопје и Битола, како организации во кои работат најголемиот дел од логопедите во Р.Македонија. Од конференцијата е издаден Зборник на трудови
*На конференцијата учествуваа 130 учесници и истата се одржа во Хотел „Порта“ во Скопје.*

**1.1.4 Сојузот на дефектолози на Р.Македонија беше партнер во организација** на сертифицирана обука за работа со лица со попреченост по АБА методата „Training for Registered Behavior Technician (RBT )", која се одржа во месец Јуни, 2018 година во Нови Сад, Р.Србија и на истата учествуваа 12 учесници, членови на Сојузот.

## 2. Проектни активности

**2.1.Во текот на 2018 година Сојузот продолжи со спроведување на проектот„Обезбедување на специјализирана поддршка за деца со посебни потреби во Специјалниот завод Демир Капија со цел деинституционализација". Проектот е финансиран од страна на канцеларијата на УНИЦЕФ-Скопје, на барање на Министерство за труд и социјална политика.**

**Главната цел на проектот е:** подготовка на децата со попреченост од Заводот за деинституционализација и нивна транзиција во алтернативна грижа (со нивните биолошки семејства или згрижувачки семејства, или во мали групни домови) со претходно спроведување на специјализирана инивидуална програма за работа која ќе им обезбеди нега, ќе ги задоволи нивните основни потреби за љубов и грижа, ќе го поддржи нивното специфично ментално здравје и образовните потреби и ќе ги развие нивните психо-физички способности, социјални, комуникациски и вештини за грижа за себе во рамки на нивните максимални потенцијали. Дополнително проектот има за цел да развие концептуална рамка за малите групни домови за децата со попреченост, односно да развие стандарди кои го поставуваат квалитетот на грижата во домовите.

Во реализацијата на проектот учествува стручен тимот кој се состои од 15 професионалци (3 дефектолози, 3 физиотерапевти, 2 психолози, 2 социјални работници, 4 негуватели и 1 експерт за хортикултурна терапија). Стручните лица од тимот работат во две смени, така што децата се под стручен надзор подолго време во текот на денот, а негувателите работат во три смени (присутни се и во текот на ноќта). Менаџментот на стручниот тим е составен од раководител и програмски координатор.

Во текот на 2018 година беа отворени 3 (три) мали групни домови од кои 2 во Неготино и еден во Скопје, така да Специјалниот Завод од Демир Капија го напуштија вкупно 10 деца на возраст до 18 години. Овие мали групни домови на почеток ги раководеше Проектниот тим на Сојузот, а при крајот на 2018 година малите групни домови од Неготино ги превзема Специјалниот Завод Демир Капија.

**2.2.Од 06.07.2018 година Сојузот го спроведуваше проектот„Обезбедување на специјализирана поддршка за возрасни лица со интелектуална попреченост во Специјалниот завод Демир Капија со цел деинституционализација". Проектот беше финансиран од страна на канцеларијата на УНДП-Скопје, Швалцарската амбасада во Р.Македонија и Фондацијата Отворено Општество Македонија, а на барање на Министерство за труд и социјална политика.**

**Главната цел на проектот бешее:** подготовка на возрасните лица со попреченост од Заводот (т.н. Нов објект)за деинституционализација. Во реализацијата на проектот учествува стручен тимот кој се состои од 16 професионалци (5 дефектолози, 1 физиотерапевт, 2 психолози, 1 социјални работници, 6 негуватели и 1 експерт за хортикултурна терапија). Стручните лица од тимот работат во две смени, така што корисниците се под стручен надзор подолго време во текот на денот, а негувателите работат во три смени (присутни се и во текот на ноќта). Менаџментот на стручниот тим е составен од раководител и програмски координатор.

## 3. Издавачка дејност

3.1.Сојузот на дефектолози во текот на 2018 година беше издавач на Зборник на трудови од конференцијата „Алтернативна и аугментативна комуникација“ Зборникот излезе во тираж од 150 примероци
3.2. Во рамки на проектот „Обезбедување на специјализирана поддршка за деца со посебни потреби во Специјалниот завод Демир Капија со цел деинституционализација“, во издание на Сојузот излезе од печат Прирачник за примена на методот интензивна интеракција од авторите: д-р Весна Костиќ Ивановиќ и Горан Петрушев, во тираж од 100 примероци.

**4.Работи од организационен карактер**

Во текот на 2018 година беа одржани 3 (три) состаноци на Претседателството. Беа донесени повеќе одлуки, правилници , итн.

**4.1-Соработка со домашни и странски организации**

- Потпишан е Меморандум за соработка со Здружението СОЛЕМ, од Скопје.
- Потпишан е Меморандум за соработка со Министерството за образование и наука на Р.Македонија,
-Претседателот на Сојузот заедно со членот на Претседателството Спасе Додевски оствариja повеќе работни средба со Претседателот на Владата, Министерите за труд и социјална политика, образование и здравство на која информираа за состојбите и барањата на Сојузот.
-Во текот на Ноеември членот на Претседателство Катерина Величковска учествуваше на меѓународна конференција во организација на Друштвото на дефектолози на Војводина, со свое излагање, како претставник од Р.македонија

**4.2 Награди и признанија**

Во горенаведениот период од страна СДРМ по распишан Конкурс беа доделени наградите за 2017година од фондацијата „Проф. д-р Љупчо Ајдински“. Награда за најдобра установа од областа на заштитата, образованието и рехабилитацијта на лицата со попреченост, ја доби Заводот за рехабилитација на слух говор и глас-Скопје. Наградата за најдобар корисник ја доби Јане Велковски, ученик со тешка телесна попреченост. Наградата за најдобар практичар и беше доделена на –Даниела Саздова, дипл.дефектолог, вработена воЗавод за рехабилитација на деца и младинци – Скопје .

03.04.2019 ГОДИНА — ПРЕТСЕДАТЕЛ

СКОПЈЕ — ГОРАН ПЕТРУШЕВ